| 426120 | Членарини во домашни организации | 65.000 | 0 | 18.000 | 5.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 83.000 | 5.800 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 410.000 | 239.725 | 79.000 | 64.312 | 100.020 | 80.310 | 0 | 0 | 0 | 0 | 589.020 | 384.347 |
| 426310 | Семинари и конференции | 60.000 | 0 | 30.000 | 16.500 | 10.000 | 6.540 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 23.040 |
| 426410 | Објавување на огласи | 140.000 | 43.277 | 15.000 | 17.876 | 50.000 | 18.710 | 0 | 0 | 0 | 0 | 205.000 | 79.863 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 370.000 | 193.882 | 260.000 | 179.786 | 78.700 | 74.216 | 0 | 0 | 0 | 0 | 708.700 | 447.884 |
| **427** | **ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **530.000** | **521.969** | **0** | **0** | **0** | **0** | **530.000** | **521.969** |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 530.000 | 521.969 | 0 | 0 | 0 | 0 | 530.000 | 521.969 |
| ***44*** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | **190.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **190.000** | **0** |
| **442** | **НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ** | **190.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **190.000** | **0** |
| 442190 | Други трансфери од областа на културата | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 0 |
| ***46*** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.544.000** | **1.539.855** | **280.000** | **277.492** | **583.000** | **424.227** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.407.000** | **2.241.574** |
| **463** | **ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | **410.000** | **6.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **410.000** | **6.000** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 0 |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 300.000 | 6.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 6.000 |
| 463160 | Трансфери до хуманитарни организации | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 463170 | Трансфери до политички партии | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **464** | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | **980.000** | **381.392** | **280.000** | **277.492** | **583.000** | **424.227** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.843.000** | **1.083.111** |
| 464210 | Плаќања за сместување на ученици од средно образование | 0 | 0 | 240.000 | 100.492 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 240.000 | 100.492 |
| 464220 | Плаќања за сместување на ученици од основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 352.000 | 265.423 | 0 | 0 | 0 | 0 | 352.000 | 265.423 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 154.500 | 82.304 | 0 | 0 | 0 | 0 | 154.500 | 82.304 |
| 464990 | Други трансфери | 980.000 | 381.392 | 40.000 | 177.000 | 76.500 | 76.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.096.500 | 634.892 |
| **465** | **ИСПЛАТА ПО ИЗВРШНИ ИСПРАВИ** | **1.154.000** | **1.152.463** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.154.000** | **1.152.463** |
| 465110 | Главен долг по извршни исправи | 668.000 | 607.830 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 668.000 | 607.830 |
| 465120 | Камата по извршни исправи | 352.000 | 396.070 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 352.000 | 396.070 |
| 465130 | Трошоци по извршни исправи | 134.000 | 148.563 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 134.000 | 148.563 |

Врз основа на член 36,став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на Р.М бр.5/2002 год) и член 33 и 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр. 61/04,96/04,65/07, 156/09 и 47/11) и член 21 ,точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл гласник на општина М.Брод бр.2/03), Советот на општина Македонски Брод на седница одржана на 28.02. 2012 година, усвои

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2011 ГОДИНА**

Во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година за резерви се планирани вкупно 200.000 денари од кои:

- 50.000 ден за постојани резерви(непредвидливи расходи)
- 150.000 ден за тековни резерви(разновидни расходи)

Од планираните средства за тековни резерви (разновидни расходи) во Буџетот на општина Македонски Брод во износ од 150.000 денари согласно искористени се средства во износ од 39.411 денари и тоа:

- 15.000 ден.(за смрт на родител на Драган Смилески по решение Бр.05-407/2 врз основа на член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот бр.07-1608/3 од 28.12 2010 год.)

- 21.970 ден. (исплатено на Пецо Стојкоски за боледување подолго Од шест месеци по решение бр 05-919/2 и врз основа на член 20 Од Одлуката за извршување на буџетот на општина М .Брод Бр.07-1608/3 од 28.12.2010 год.)

- 2.441 ден.(персонален данок за исплатената парична помош за боледување подолго од шест месеци)

**Број 07-146/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА М.БРОД**
**28.02.2012 год** — **Претседател,**
**Македонски Брод** — **Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС (Службен весник на Р. Македонија бр.61/04, 96/04 , 65/07 и 156/09 и 47/11) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р Македонија бр.05/02 ) и член 21 став 4 од Статутот на општина М.Брод (Службен гласник на општина М.Брод бр 2/03),Советот на општина Мак.Брод на седница одржана на ден 28 .02. 2012 год,донесе

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД 2011 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

### 1.1 Основни податоци за општината

Општина Македонски Брод е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставниците во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиштње во Македонски Брод.

Општината Македонски Брод опфаќа површина од 889 км2.

Вкупното население е 7141 жители и има 51 населено место.

### 1.2 Буџет и Одлука за извршување на буџетот

На 28.12 2010 година беше донесен Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 год и Одлуката за извршување на буџетот бр.07- 1608/3 од 28.12.2010 год со вкупен износ на приходи и расходи од **259.570.800 денари** од кои:

| | |
|---|---|
| 1. Основен буџет | 67.494.400 денари |
| 2. Буџет на наменски дотации | 62.833.400 денари |
| 3. Буџет на самофинансирачки активности | 5.766.600 денари |
| 4. Буџет на донации | 123.476.400 денари |

## 1.3 Пренамени и проширувања на буџетот во 2011 година

Во текот на 2011 година извршени се четири пренамени и едно проширување на буџетот на општина Македонски Брод.

Првата пренамена - измена на распоредот на средствата во буџетот на општината е направена на седница одржана на 29.03.2011 година со одлука на совет број 07-429/3 во вкупен износ од 856.000 денари од кои:

| | |
|---|---|
| 1. Буџет на самофинансирачки активности | 156.000 денари |
| 2. Буџет од наменски дотации | 700.000 денари |

Втората пренамена – измена на распоредот на средствата во буџетот на општината е направена на седница одршана на 16.05.2011 година со одлука на совет број 07-537/3 во износ од 1.674.000 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| 1.Основен буџет | 1.674.000 денари |

Третата пренамена – измена на распоредот на средствата во буџетот на општината е направена на седница одржана на 28.10.2011 година со одлука на совет број07-925/3 во износ од 1.893.851 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| 1.Основен буџет | 847.084 денари |
| 2.Буџет на самофинансирачки активности | 1.046.767 денари |

Четврта пренамена – измена на распоредот на средствата во буџетот на општината е направена на седница одржана на 22.12.2011 година со одлука на совет број 07-1029/3 во износ од 5.000 денати и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Основен буџет | 5.000 денари |

Проширувањето на средства во буџетот на општината е направено на седница одржана на 16.05.2011 година со одлука на совет број 07- 537/3 во износ од 611.767 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Буџет на самофинансирачки активности | 611.767 денари |

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

2.1 Приходи на општината

Во текот на 2011 година од вкупно планираните 260.182.567 денари остварени се приходи во вкупен износ 101.742.226 или 39,1%. Во вкупно остварените приходи како приходи од основниот буџет од планираните 67.494.400 денари остварени се приходи во вкупен износ 35.249.507 денари или 52.2%,приходите од наменски дотации од планираните 63.445.167 денари се остварени 61.853.758 или 97,5%, приходите од самофинансирачки активности од планираните 5.766.600 денари остварени се 4.638.944 или 80,4%,планираните приходи од донации не се остварени.

На сметката на основниот буџет на општина Македонски Брод се планирани и остварени следните приходи

| ВИД НА ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|
| **71 ДАНОЧНИПРИХОДИ** | **14.134.600,00** | **9.970.764,00** |
| **711 Данок од доход, од добивка и капитални добивки** | **635.000,00** | **556.265,50** |
| **713 Даноци на имот** | **4.873.000,00** | **2.037.015,50** |
| **717 Даноци на специфични услуги** | **8.476.600,00** | **7.366.581,50** |
| **718 Такси на користење или дозволи на вршење дејност** | **150.000,00** | **10.902,00** |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.520.000,00** | **3.799.315,00** |
| **722 Глоби,судски и административни такси** | **250.000,00** | **602.255,00** |
| **723 Такси и надоместоци** | **100.000,00** | **12.300,00** |
| **724 Други владини услуги** | **2.100.000,00** | **2.262.915,00** |
| **725 Други неданочни приходи** | **1.070.000,00** | **921.845,00** |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **21.693.227,00** | **20.870.965,50** |
| **741 Трансфери од други нивоа на власт** | **21.693.227,00** | **20.870.965,50** |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **28.146.573,00** | **608.462,50** |
| **731Продажба на капитални средства** | **1.000.000,00** | |
| **733 Продажба на земјиште и нематријални вложувања** | **27.146.573,00** | **608.462,50** |
| **ВКУПНО** | **67.494.400,00** | **35.249.507,00** |

2.2 Расходи на општината

Расходната страна на Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година е планирана согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите се утврдени согласно со надлежностите на општината.

Расходите на Буџетот на општината за 2011 година од планираните 260.182.567,00 ден реализирани се вкупно 99.144.492,00 ден .

Од вкупно реализираните расходи, расходи на Основниот буџет од планираните 67.494.400,00 ден реализирани се 33.318.538,00 ден или 49,4%, расходи од наменски дотации од планираните 63.445.167,00 ден реализирани се 61.382.087,00 ден или 96,7% , расходи од самофинансирачки активности од планираните 5.766.600,00 ден реализирани се 4.443.867,00 ден или 77,1% и расходи на сметката за донации од планираните 123.476.400,00 ден нема реализација.

На сметката на Основниот буџет на општината М Брод се реализирани след расход

| **ВИД НА РАСХОДИТЕ** | **ПЛАНИРАНИ** | **РЕАЛИЗИРАНИ** |
|---|---|---|
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **23.968.800,00** | **18.254.795,00** |
| 401 Основни плати | 16.575.600,00 | 12.727.955,00 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 6.073.200,00 | 4.674.123,00 |
| 404 Надоместоци | 1.320.000,00 | 852.717,00 |
| **41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **200.000,00** | **39.411,00** |
| 412 Постојана резерва(непредвидливи Расходи) | 50.000,00 | |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 150.000,00 | 39.411,00 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **17.019.650,00** | **7.217.164,00** |
| 420 Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 18.100,00 |
| 421 Комунални услуги, греење,комуникациј и транспорт | 6.902.000,00 | 3.155.321,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 944.310,00 | 378.821,00 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 5.773.340,00 | 2.929.880,00 |
| 425 Договорни услуги | 2.155.000,00 | 258.158,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.045.000,00 | 476.884,00 |
| **44 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС** | **190.000,00** | |
| 442 Наменски дотации | 190.000,00 | |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.544.000,00** | **1.539.855,00** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 410.000,00 | 6.000,00 |
| 464 Разни трансфери | 980.000,00 | 381.392,00 |
| 465 Исплата по извршени исправи | 1.154.000,00 | 1.152.463,00 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **23.571.950,00** | **6.267.313,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 480 Купување на опрема и машини | 1.416.100,00 | 790.558,00 |
| 481 Градежни објекти | 480.000,00 | |
| 482 Други градежни објекти | 20.555.850,00 | 5.472.255,00 |
| 483 Купување на мебел | 50.000,00 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 320.000,00 | 4.500,00 |
| 486 Купување на возила | 750.000,00 | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **67.494.400,00** | **33.318.538,00** |

**3. Извештај за средствата,побарувањата,обврските и изворите на средства и нивната вредност**

Состојбата на средствата,побарувањата,обврските и изворите на средства и нивната вредност во општина Македонски Брод на ден 31.12.2011 година е следната :

## 3.1 БУЏЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

| | |
|---|---|
| **АКТИВА** | **6.961.630 ден** |
| 1**. Парични средства (салдо на жиро сметка)** | **1.930.965 ден** |
| 2. **Побарувања од граѓани (данок на имот)** | **2.751.059 ден** |
| **3. Побарување од граѓани(надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект)** | **120.134 ден** |
| 4. **Други побарувања (комунална такса за истакната фирма)** | **1.027.257 ден** |
| 5. **Побарувања за неплатани ф-ри** | **1.132.215 ден** |
| **ПАСИВА** | **6.961.630 ден** |
| 1. **Дел од вишокот на приходи за пренос во наредна година)** | **1.930.965 ден** |
| 2. **Други пасивни временски разграничувања** | **5.030.665 ден** |

## 3.2 ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

| | |
|---|---|
| **АКТИВА (А+Б)** | **88.775.930 ден** |
| **А ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА ( I+II +III)** | **65.035.803 ден** |
| I. **Материјални добра и природни богатства** | **273.280 ден** |
| 1. **Земјиште** | **273.280 ден** |
| II. **Материјални средства** | **45.376.308 ден** |

| | |
|---|---|
| **1. Градежни објекти** | **43.208.593 ден** |
| **2. Опрема** | **2.167.715 ден** |
| III. **Материјални средства во подготовка** | **19.386.215ден** |
| **1. Инвестиции во тек** | **19.386.215 ден** |
| Б **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА** | **23.740.127 ден** |
| 1. **Други активни временски разграничувања** | **23.740.127 ден** |
| **ВОНБИЛАНСНА АКТИВА** | **8.063.359 ден** |
| **ПАСИВА** | **58.893.135 ден** |
| I. **Извори на деловни средства** | **45.649.588 ден** |
| **1. Државан јавен капитал** | **45.649.588 ден** |
| II. **Тековни обврски** | **43.126.343 ден** |
| **1. Краткорочни обврски спрема добавувачи** | **22.362.136 ден** |
| **2. Обврски спрема државата и други институции** | **30.057 ден** |
| **3. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените** | **1.347.935 ден** |
| 4. **Пасивни временски разграничувања** | **19.386.215 ден** |
| **ВОНБИЛАНСНА ПАСИВА** | **8.063.359 ден** |

**Број 07-146/3**
**28.02. 2012 год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина МакедонскиБрод**
**Претседател,**

**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 година.

Бр.08- 146/8
05.03.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

## За урбанистичко планирање на територијата на Општината Македонски Брод за 2012 година

Февруари- 2012  Македонски Брод

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ “ 51/05,137/07 , 91/09,124/10 и 18/11) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 ,Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.02.2012 година донесе:

# ПРОГРАМА
## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Со оваа Програма се уредува :

**1.Урбанизација**
**2.Извори на финансирање на Програмата**
**3.Средства наменети за урбанистичко планирање**
**4.Динамика за извршување на програмата**
**5.Преодни и завршни одредби**

### 1.УРБАНИЗАЦИЈА

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како во градот така и на целата територија на општината.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години.

Со спроведување на горе споменатите поставки општината ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистишкото планирање во 2012 година би требало да се реализираат следните активности:

**-Ревизија на постојниот Генерален урбанистички план за Македонски Брод**

**-Ревизија на постојниот Детален урбанистички план за Македонски Брод „Блок-1“и негово прилагодување на постојниот ГУП и законската регулатива.**

**-Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици каде досега нема донесено ДУП-ови во Македонски Брод.**

**-Изработка на Урбанистички план за село.**

**-Изработка на урбанистички план за вон населено место и**

**-Утврдување потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација.**

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

## А.ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

Потребно е да се изврши ревизија на генералниот урбанистички план за Македонски Брод заради усогласување со новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ “ 51/05 ,137/07, 91/09 124/10 и 18/11).Истото е потребно и заради усогласување со одредени барања и решавање на проблемите на граѓаните за намена на површини и сообрајќајници согласно законската регулатива.Во исто време потребно е да се извршат одредени анализи за можно проширување на урбаниот опфат на градот.

## Б.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Дел од постојниот Детален урбанистички план за градот не е усогласен со новата законска регулатива за што е потребно ревидирање и истиот и е во фаза на Предлог-план:

**-Дел од Македонски Брод„Урбан Блок 1“**

**Исто така се планира да се изработат ДУП-ови и за делови од градот кои досега не биле опфатени со планска урбанистичка документација:**

**-Дел од Македонски Брод населба „Старо село“**

**-Дел од Македонски Брод населба „Под крај“(објекти лево од патот за резервоар)**

## В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е донесување на нови урбанистички планови за села и тоа за:

**-Урбанистички план за с.Самоков**
**-Урбанистички план за с.Брест**
**-Урбанистички план за с.Здуње**
**-Урбанистички план за с.Близанско**
**-Урбанистички план за с.Горна Белица**
**-Урбанистички план за с.Требино**
**-Урбанистички план за с.Требовље**
**-Урбанистички план за с.Суви дол**

## Г.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место согласно чл.13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна стедина и просторно планирање, нивното донесување ќе биде согласно

наведените законски процедури и изработена Планска програма за следните локалитети:

**-Урбанистички план за вон населено место „Викенд зона Долна Брезница Блок-1 и Блок-2“,**

**-Урбанистички план за вон населено место „Викенд зона нас.Близанско Блок-1“,**

**-Урбанистички план за вон населено место„Викенд зона Долна Белица“**

**-Урбанистички план за вон населено место„Викенд зона Тажево“**

**-Урбанистички план за вон населено место м.в.„Пешна“ КО Локвица**

**-Урбанистички план за вон населено место с.Долно Ижишта**

**-Урбанистички план за вон населено место м.в.„Инечка река“ КО Инче**

**-Урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански капацитети по барање на заинтересирани инвеститори на подрачјето на општината Македонски Брод .**

## Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

По барање на правни и физички лица Советот на општината Македонски Брод ќе утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти вон населени места согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и се донесени следните Одлуки за изработка на:

**-Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Сончеви електрични централи на КП бр. 162 за КО Инче**

**-Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО-погон „Бабин дол“ за КО Девич**

**-Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на на Т-Мобил Македонија на КП бр. 654 за КО Требовље**

**-Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на на Т-Мобил Македонија на КП бр. 145 за КО Брезница**

**-Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица (Тетра 2) на КП бр. 2007/3 за КО Македонски Брод**

## 2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Македонски Брод се финансира од:

-Буџетот на општината Македонски Брод за 2012 година ,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и -

-Од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправни објекти.

## 3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистишки планови со средства предвидени во Буџетот за 2012 година во износ од 1.300.000,00 денари.

## 4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови , од приливот на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште,средства согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и други средства од правни и физички лица.

**5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07-146/4 од 28.02.2012 год.
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
. на Советот на Општина Македонски.Брод
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас„ ДОО погон Бабин дол за КО Девич**

Се прогласува **Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас„ ДОО Бабин дол за КО Девич,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 година.

Бр.08- 146/8
05.03.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Којнески с.р.

Врз основа на член 15-а ст. 2 и член 50-а ст. 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.) , член 36 тав 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 год.ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО-погон „Бабин дол“ за КО Девич**

1.Во Одлуката,донесена од Советот на општината Македонски Брод под бр.07-1054/4 од 29.12.2011 год., за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ДОО –погон „Бабин дол“од Македонски Брод, во точка 1 втората реченица се менува и гласи: Во опфатот на ЛУПД ќе влезат дел од КП бр.11 заведена во ИЛ бр.1 во површина од 5.865 м2, дел од КП бр.25 заведена во ИЛ.бр.239 во површина од 8.895 м2, КП бр.26 заведена во ИЛ бр.237 во површина од 3.790 м2 , дел од КП бр.27 заведена во ИЛ 238 во површина од 14.024 м2 и дел од КП бр.28 заведена во ИЛ бр.1 во површина од 1.838 м2, за КО Девич, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија.

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.07-146/6 од 28.02.2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за постапување со управување со отпад со доделување на концесија**

Се прогласува **Одлуката за постапување со управување со отпад со доделување на концесија,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 година.

Бр.08- 146/8
05.03.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 46 од Законот за управување со отпадот (Сл.весник на РМ бр.68/04,107/07,102/08,143/08,124/10 и 51/11) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003). Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За постапување со управување со отпад со доделување на концесија**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука,Општина Македонски Брод е согласна за понатамошно постапување на систем за интегрирано управување со отпад во Југозападниот плански регион.

**Член 2**

Понатамошното постапување на системот за интегрирано управување со отпад да продолжи со воспоставување на систем преку конкурентен дијалог со доделување концесија.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 07- 146/5
28.02.2012 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Заклучокот за изготвување и доставување на извештај по поднесено барање**

Се прогласува **Заклучокот за изготвување и доставување на извештај по поднесено барање,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 година.

Бр.08- 146/8
05.03.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски 2/03 ) по доставено барање од Наумоски Живко од Македонски Брод барање бр.07-144 /1 од 16.02.2012 година , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2012 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за изготвување и доставување на извештај по поднесено барање**

1.Советот на општина Македонски Брод го разгледа барањето поднесено од Наумоски Живко од Македонски Брод, и ги задолжи надлежните служби при општина Македонски Брод да изготват и достават Извештај во врска со поднесеното барање до Советот на општина Македонски Брод .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод

**Бр.07- 146/7**
**28 02.2012година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на Заклучокот за донесување на Годишната Завршна сметка за 2011 година на Општина Македонски Брод .................................................. стр. 2

Заклучок за донесување на Годишната Завршна сметка за 2011 година на Општина Македонски Брод ............................................................................................................ стр. 3

Завршна сметка на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2011 година ...... стр. 4

Годишен извештај за користење на средствата од резервите за 2011 година .. стр. 48

Финансиски извештај на Општина Македонски Брод 2011 година ................. стр. 49

Заклучок за прогласување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година ........................................ стр.56

Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година ......................................................................................................... стр.57

Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас“ ДОО погон Бабин дол за КО Девич ......................... стр.62

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас“ ДОО погон Бабин дол за КО Девич ............................................................ стр.63

Заклучок за прогласување на Одлуката за постапување со управување со отпад со доделување на концесија ........................................................................................ стр.64

Одлука за постапување со управување со отпад со доделување на концесија .......................................................................................................................................... стр.65

Заклучок за прогласување на Заклучокот за изготвување и доставување на извештај по поднесено барање ......................................................................................... стр.66

Заклучок за изготвување и доставување на извештај по поднесено барање ..... стр.67